Обраќање на Министерката за одбрана на Република Северна Македонија
Славјанка Петровска

**„30 години развој на Армијата – формирање, настани, успеси, предизвици, иднина“**

**28 март 2022 година**

**Дом на Армија - Скопје**

Дозволете ми на самиот почеток да им се заблагодарам на иницијативата за организацијата за обележување на Јубилејот - 30 години развој на Армијата, 30 години исполнети со предизвици, храбри чекори, посветеност и долгорочна визија.

Денес мене ми претставува посебна чест и задоволство што сум дел од овој Јубилеј и што ја имам можноста да говорам за повеќе страните придобивки од развојот на армиските капацитети крунисано со членството на нашата држава во Алијансата. Но не треба да заборавиме дека покрај безбедносните, политичките и економските придобивки се обврзавме и на развој на посебните способности за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност, придонеси и обврски кои произлегуваат од членството, водејќи се од принципите на соодветно споделување на товарот и разумниот предизвик.

Горда сум и благодарна што раководам со ресор кој чекори по веќе трасираната патека. Во изминатите три децении заедно со граѓаните поминати се низа падови и подеми, но и посветена работа во спроведување на реформи во одбранбениот сектор и зајакнување на одбранбените капацитети и способности, за да на 27 март 2020 година, Република Северна Македонија го исполни долгогодишниот надворешно политички приоритет – членството во Северноатлантската алијанса. При тоа, членството во НАТО семејството претставува историски момент и пресвртница кога е во прашање концептот за одбрана на Република Северна Македонија, која со системот на колективна безбедност доби уверлива безбедносна гаранција во крајно комплексното, динамично и непредвидливо современо безбедносно опкружување.

Нашата стратегиска цел и потреба во остварување и заштита на националните интереси кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија,

концепциските и стратегиските документи за безбедност и одбрана. Но денес нашите националните интереси се споделуваат и заедничките вредности на Алијансата за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност.

Во овој момент, Македонската одбранбената политика е целосно насочена и кон остварување на **основните национални интереси и тоа**: заштита на независноста, територијалниот интегритет и неповредливоста на меѓународно признатите граници на државата, придонес во воспоставување на мир, безбедност и стабилност во регионот, во Европа и во светот, како и поддршка на цивилните институции во различни кризни, вонредни и воени состојби  и ситуации.

Со членството во НАТО, Република Северна Македонија од систем на индивидуална одбрана премина во систем на колективна одбрана. Тоа претставува највидлива придобивка од членството во НАТО и придонес за долгорочна безбедност и стабилност на државата. Со оваа придобивка, како совесен и одговорен сојузник, тежнееме кон развивање на воените капацитети и способности предвидени за придонес во колективниот систем на безбедност, но не занемарувајќи ги капацитететите за нашите национални потреби. За таа цел, во рамки на реалните економски можности максимално посветено се работи  и ќе се работи на изградба на мобилни, одржливи и адекватно опремени единици, способни самостојно и во соработка со сојузниците да ја одбранат независноста и територијалниот суверенитет на Република Северна Македонија. Но, не помалку важен е и фокусот кон придонесот на одбраната на сојузниците, нашето учество во меѓународни операции и мисии но и обезбедување на поддршка на цивилните институции при спротивставување со различни видови предизвици, ризици и закани од невоена природа.

Можам слободно да изнесам дека членството во Алијансата, дојде во вистински момент. Ќе остане забележано дека 2020 година беше година која ја одбележа пандемијата со Ковид-19 која ја покажа на дело солидарноста на сите нас во справувањето со ваквите закани, а членството потврди дека солидарноста е присутна и во услови кога не зборуваме само за безбедноста и сигурноста. Меѓутоа, 2022 година ја покажа суровата реалност од нови безбедносни ризици, закани и предизвици кои се исклучително сериозни и непојмливни дека можат да се случат од крајот на Втората Светска Војна, но и од настаните во поранешна Југославија. Случувањата во Украина не потсетија дека војната на европско тло не е минато, а мирот не е загарантиран. Тоа

не потсети дека развојот на одбранбените капацитети се повеќе од неопходност, дека подготовките и градењето на отпорноста мора да се разберат како континуитет и дека покрај се со денешните предизвици ниту една земја не може самостојно да се справи успешно.

Денес, Република Северна Македонија не е сама, туку е дел од обединето семејство, кое е подготвено заеднички да одговори на сите безбедносни предизвици. Новите безбедносни трендови и предизвици бараат соодветни механизми за одговор. Ова е време кога не постои алтернатива на сојузништвото, соработката и меѓусебната поддршка на меѓународно ниво. Ние мораме да го прошириме концептот на поимање на безбедноста. Без безбедност нема ниту економски развој, ни просперитет, но од друга страна, без развој на одбранбените способности нема безбедност и демократско владеење на правото.

**Почитувани присутни,**

Членството во НАТО е гаранција за мирот и безбедноста, кои што е наш врвен приоритет, бидејќи тие воедно се предуслов и за економски развој и просперитет на општеството. Членството во Алијансата подразбира и доследна имплементација на обврските, а тоа значи и фер распределбата на финансискиот товар на Алијансата. Во услови кога листата на безбедносни предизвици постојано се надградува, неопходно е континуирано инвестирање во нова и современа опрема и вооружување за Армијата, модернизација на постојната опрема, но и континуирана обуката на персоналот. Сето ова не е ни малку лесно и едноставно, затоа што подразбира долготрајна посветеност и затоа што развојот на овие способности се спроведува преку реализација на развојни планови кои побаруваат стабилно и долгорочно финансирање на одбраната.

Согласно обврските од НАТО Самитот во Велс, во 2014 година, секоја земја членка треба да инвестира  најмалку 2% од БДП, од кои најмалку 20% од овие трошоци треба да бидат наменети за набавка на опрема и за модернизација. Република Северна Македонија е на чекор до го достигне тоа ниво. Оваа година буџетот е 1.77 % од БДП. До 2024 е извесно дека тоа ќе го достигнеме, но уште поважно е дека 30% од овој буџет одат за опрема и модернизација.

Согласно Агендата 2030 на НАТО, како и новонастанатите безбедносни случувања на тлото на Европа, јасно е дека само со долгорочно инвестирање во одбраната ќе бидеме способни и реално да ги исполниме нашите обврски и да го потврдиме нашиот приоритет како рамноправен сојузник.

Членството во НАТО и овозможи пристап на нашата држава до НАТО фондовите, како и можност домашните компании да учествуваат на јавните набавки на НАТО. Јавните набавки на Алијансата изнесуваат над 5 милијарди евра годишно. За да го олесниме пристапот, Министерството за одбрана формира Центар за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот, и истовремено сме во комуникација со компаниите за да можеме успешно заедно да ги совладаме сите препреки.

Во изминатите две децении над 5000 припадници на Армијата беа наши амбасадори во меѓународните операции предводени од ООН, НАТО и ЕУ. Почнувајќи од 2002 година, припадниците на Армијата успешно го завршија придонесот кон глобалниот мир и безбедност преку учество во повеќе меѓународни операции. Придонесот продолжува во континуитет.

Во моментов припадниците на Армијата се распоредени во мисијата на ООН во Либан, потоа во НАТО мисијата КФОР на Косово, во ЕУ мисијата АЛТЕА во Босна и Херцеговина и во ЕУ Мисијата во Централно Афричката Република. Правиме напори за да вклучиме и со цивилни експерти во НАТО мисијата за обука во Ирак. Генералната определба за придонес во меѓународни мисии и операции ќе остане на нашата листа на приоритети и согласно потребите, континуирано ќе го зголемуваме нашиот придонес во квалитет и квантитет, кој повратно значи можност за стекнување на искуства во реално опкружување за нашите припадници.

Нашиот одговор кон новите безбедносни предизвици е нашата силна поддршка на меѓународните операции и наш придонес во истите. Како членка на НАТО, имаме и обврска да работиме и работиме на зајакнато партнерство со земјите од регионот и другите земји партнери, бидејќи нашата безбедност е неделива и од безбедноста на регионот и глобалната безбедност во целина.

Сите ние ја носиме одговорноста за безбедноста на нашата земја, на нашите граници, безбедноста на слободите, правата и имотот на нашите граѓани. Ние мораме да

продолжиме да инвестираме во нашата одбрана и да изградиме способности за да ја покажеме нашата одлучност и нашата подготвеност да одговориме на сите предизвици по нашата безбедност.

Во изминативов период имавме и предизвици, настани што ја ставија нашата истрајноста како општество и одбрана пред потребата од правилното и потребното. Вооружените сили мораат да бидат надвор од политиката. Старешините, лидерите, мораат да бидат професионални. Војниците мораат да бидат мотивирани и да бидат дел од современата македонска армија. Мораме да бидеме пример како да се развиваат и насочуваат нашите припадници и вработени.

Владата на Република Северна Македонија и јас како министерка за одбрана, својот личен придонес кон одбраната, кон државата и кон сите припадници вас, ќе биде насочен кон обезбедување на јасни политички насоки и потреби поддржани со соодветни финансиски средства како предуслов за исполнување на задачите, но и потребниот развој. Без јасни насоки, но и без стабилен придонес и одвојување од финансиски средства, одбраната не може да се развива кон посакуваната цел. Министерството за одбрана неуморно ќе работи да потребите на Армијата на Република Северна Македонија бидат соодветно поддржани. Воедно побарувам и очекувам доследно почитување на униформата, тежнеење кон зголемување на професионалноста на целокупниот состав во зборови и дела, негувањето на правилни работни односи, почитување на усвоената нормативна рамка но и бескрупулозна борба кон сите негативни трендови и настани. Иднината и успешноста зависи од нашите и вашите мерки и постапки.

На крај, дозволете ми во оваа пригода да го честитам Јубилејот – 30 години Армија на Република Северна Македонија. Да ви се заблагодарам на сите вас кои дадовте значаен придонес во изградбата на нашите вооружени сили и оставивте свој белег во нашата историја. Посебни честитки им упатувам и на граѓаните на нашата држава , за нивната истрајност, доследност и силна верба во нашиот капацитет и посветеност за заедничката цел, безбедност на нашата земја. Постигнатото и вложеното досега треба да ни биде поттик да продолжиме да инвестираме во иднина. Предизвиците не прават посплотени и пообединети.

Ви благодарам!